Објавен во Службен весник број: 188/2014
Датум на објавување: 19.12.2014

# Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување

## Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија " број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14 и 160/14), во членот 125 по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи: „За утврдување својство на осигуреник Фондот по службена должност разменува податоци со други институции согласно членот 197 став (3) од овој закон."

## Член 2

Во Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 97/14), во членот 1 датата: "1 јануари 2015 година" се заменува со датата: "1 јануари 2016 година".

## Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".